СТ-35/24

ОСНОВНИОТ СУД ВО СТРУГА со стечајниот судија Соња Ѓонческа, постапувајќи по предлогот на предлагачот Генц Мерко од Струга, за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Трговско друштво за производство трговија и услуги ГЛАМУР-2013 ДООЕЛ Струга, вон рочиште, на ден 20.03.2024 година, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Против стечајниот должник Трговско друштво за производство трговија и услуги ГЛАМУР-2013 ДООЕЛ Струга, со единствен матичен број на деловниот субјект 6877613, даночен број 4026013516573, со трансакциска сметка број 240230100153342 при УНИ банка АД Скопје, - **СЕ ПОВЕДУВА** претходна постапка за утврдување на причините за отварање на стечајна постапка.

За привремен стечаен управник се именува Ангела Чавкоска Деспотоска од Струга, кој се задолжува да утврди дали должникот е неспособен за плаќање и дали од имотот на должникот можат да се намират трошоците на постапката.

Рочиштето за испитување на условите за отварање на стечајна постапка се закажува **за ден 19.04.2024 година во 08.15 часот,** во просториите на Основниот суд во Струга, судница број 20.

Се повикуваат полномошникот на предлагачот, должникот и привремениот стечаен управник да присуствуваат на рочиштето.

## Образложение

Предлагачот Генц Мерко од Струга, до овој суд поднесе предлог за отворање на стечајна постапка против стечајниот должник Трговско друштво за производство трговија и услуги ГЛАМУР -2013 ДООЕЛ Струга.

Во предлогот наведе дека друштвото имало неизмирени обврски по основ на стасани неплатени јавни давачки а сметката на должникот била блокирана со што биле исполнети условите за отворање на стечајна постапка. Побара да се поведе претходна постапка за утврдување на причините за отворање на стечај.

Стечајниот судија откако го разгледа предлогот, утврди дека согласно член 51 став 9 од Законот за стечај со предлогот се доставени неопходните докази и се содржани условите за поведување на стечајна постапка.

Имајќи го во предвид наведеното согласно член 54 став 2 и 3 од Законот за стечај, се одлучи како во изреката на решението.

Стечаен судија,
Соња Ѓонческа с.р.

ПОУКА: Согласно член 54 став 5 од ЗС против решението жалба не е дозволена

Д-ви на:
* предлагачот/полномошникот,
* должникот со предлогот,
* привремениот стечаен управник,
* ВЕБ страната на судот,
* Централен регистар.